( Образец ПП……)

**До: Народна Банка на РС Македонија**
**Бул.Кузман Јосифовски Питу бр.1**
**1000 Скопје**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од:„Здружение на граѓани за заштита на правата и интересите на вработените во државната администрација и заштита на државниот имот
општина

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
од Скопје, со адреса на

---

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1) Врз основа на кој правен акт НБРСМ го стекнала правото на сопственост врз деловниот објект во кој е сместено деловното седиште на Бул.Кузман Јосифовски Питу бр.1 во Скопје?
2) Напишете ми ги броевите на Имотните листови во кои е запишан недвижниот имот на Народна банка на РСМ и
3) Дали имате недвижности кои не се запишани во евиденцијата на Агенција за катастар на недвижности?

---

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **(г) електронски запис**
- д) друго ___________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **(г) е-маил**
- д) друго ___________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 04.08.2023 година**

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101 од 22.05.2019 година), секретарот на банката, како службено лице за посредување со информации од јавен карактер на 23 јуни 2023 година донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот

примено во Народната банка на Република Северна Македонија по електронски пат на 4 август 2023 година, СЕ ОДОБРУВА.

2. Во врска со бараните податоци, барателот се известува за следното:

Народната банка на Република Северна Македонија правото на сопственост на недвижниот имот – деловен простор во кој е сместено седиштето во рамките на „Комплексот банки“ Скопје, булевар „Кузман Јосифовски-Питу“ бр.1, Скопје, го стекнала по основ на:

- Договор за градба од 12.04.1971 година склучен помеѓу 4 (четири) инвеститори, Решение за главна делба Ст.бр.193/96 од 29.09.1998 година на Основен суд Скопје 1 Скопје, Пресуда на Основен суд Скопје 1 Скопје ПСС бр.407/2000 од 14.05.2001 година и Пресуда на Основен граѓански суд Скопје 50 ТС – 147/18 од 22.03.2019 година.

Недвижниот имот на Народната банка во којшто е сместено деловното седиштето запишан е во Имотен лист бр.41994 за КО Центар 1, Имотен лист бр.41995 за КО Центар 1 и Имотен лист бр. 48333 за КО Центар 1. На недвижниот имот запишан во Имотниот лист бр.48333 Народната банка е сосопственик на идеален дел од 2796 м2 од вкупно 4929 м2.

Покрај недвижниот имот во којшто е сместено деловното седиште, Народната банка е сопственик и на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 100071 за КО Маврово, и сосопственик на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 29132 за КО Карпош; во Имотен лист бр. 10777 за КО Калишта, Струга; во Имотен лист бр.569 за КО Амзабегово; во Имотни листови бр.20319 и бр.20320 за КО Кочани; и во Имотен лист бр.102167 за КО Охрид.

Народната банка располага со имот за којшто сеуште нема запишано право на сопственост во Агенцијата за катастар на недвижности, а којшто и е распределен согласно членовите 6 и 8 од Законот за трансформација на Заводот за платен промет („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/01, 50/01, 103/01 и 27/02).

**Образложение**

На 4 август 2023 година од страна на [redacted] доставено е Барање на информации од јавен карактер, со кое барателот бара податоци врз основа на кој правен акт Народната банка го стекнала правото на сопственост врз деловниот објект во кој е сместено деловното седиште на бул. „Кузман Јосифовски – Питу“ бр.1 во Скопје, кои се броевите на Имотните листови во кои е запишан недвижниот имот на Народна банка, и дали Народната банка има недвижности кои не се запишани во евиденцијата на Агенција за катастар на недвижности.

Народната банка одлучи како во диспозитивот на ова решение и ги стави на располагање расположливите информации од јавен карактер.

Бр.02- 29058/1
23 август 2023 година

Секретар на банката
м-р Маја Андреевска

**Правна поука**: Незадоволниот барател има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.